# НОВ СИСТЕМ НА ИЗВРШУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - НЕКОИ АСПЕКТИ ЗА УЛОГАТА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ И СУДОТ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ ОПРЕДЕЛЕНИ СО ИЗВРШНИ ИСПРАВИ

Со Законот за извршување и со неговите измени и дополнувања (“Сл.весник на РМ“ бр.35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2010 и 50/2010), донесен во месец мај 2005 година, а се применува од месец јуни 2006 година, напуштен е системот на судско извршување на извршните судски одлуки и судските порамнувања, на извршните одлуки и порамнувања во управна постапка, кои гласат на исполнување на парична обврска и на другите исправи кои како извршни исправи се предвидени со закон и е востановен систем на извршување од страна на приватни извршители со јавни овластувања, кои ги именува Министерот за правда врз основа на конкурс. Со новиот систем на извршување, напуштени се решенијата од стариот Закон за извршна постапка, кои ја забавуваа и усложнуваа постапката, така што доверителите не можеа да ги остварат своите права по повеќе години, понекогаш и повеќе од 10 години, а сега со новите законски решенија, извршувањето се спроведува многу побрзо и поефикасно.

Уште веднаш треба да се истакне дека иако извршувањето го спроведуваат приватни извршители, тие се должни тоа да го сторат согласно Уставот и законските прописи, а нивната работа подложна е на контрола од страна на судовите во Република Македонија во случаи, на начин и во постапка определена во членовите 77, 77-а и 77-б од Законот за извршувањето.

**1.** За потребите на темата во рамките на дозволениот простор, ќе се задржам на улогата на судот во контролата на законитоста на работата на извршителите и искуствата од неговата работа директно преку примената на одредбите од членот 77, 77-а и 77-б од Законот за извршувањето.

Со овие одредби насловени како “Приговор против неправилности при извршувањето“ и “Жалба против решението на претседателот на основниот суд“, се уредени следните прашања: можноста за странката или учесникот кој што смета дека при извршувањето се сторени неправилности да поднесе приговор до претседателот на основниот суд на чија територија се спроведува извршувањето или дел од него; рокот за поднесување образложен,

аргументиран и со докази поткрепен приговор кој изнесува 3 дена по денот на осознавањето на неправилноста, но не подоцна од 15 дена по завршувањето на извршувањето; рокот од 72 часа во кој претседателот на судот одлучува по приемот на приговорот; овластувањето на претседателот на судот по потреба да ги сослуша странките, учесниците и извршителот; одредувањето дека претседателот на судот по приговорот одлучува со решение со кое приговорот може да го одбие или да го усвои, а ако го усвои, со решението да ги утврди сторените неправилности и да ги стави вон сила преземените извршни дејствија; неможноста претседателот на судот со решението да го запре извршувањето, да ги укине извршните дејствија, ниту да го задолжи извршителот да превзема извршни дејствија; правото на незадоволната странка или учесникот, против решението на претседателот на судот да поднесе жалба до апелациониот суд на чие подрачје се наоѓа основниот суд во рок од 3 дена од приемот на решението; правото на спротивната страна во рок од 3 дена да даде одговоро на жалбата; обврската на основниот суд во наредните 3 дена да го достави предметот до апелациониот суд, кој е должен во рок од 5 дена да одлучи по жалбата; одредување дека жалбата не го задржува извршувањето; одредување дека апелациониот суд одлучувајќи по жалбата може решението да го потврди или преиначи и дека против правосилната одлука на судот не се дозволени ревизија и повторување на постапката и на крај, обврската за странките и учесниците во постапката кои ги користеле правните средства и за судските одлуки да платат судски такси.

**2.** Ваквите јасни и прецизни законски решенија во најголемиот број предмети пред судовите се правилно разбрани и применувани од страна на судиите, што придонесува извршувањето да се спроведе брзо и ефикасно. Меѓутоа, има и случаи кога судовите постапуваат спротивно од законското решение како од формално-правен, така и материјален-правен аспект на одредбите од Законот за извршување, што генерално е погрешно и неприфатливо и не е во функција на принципот на владеење на правото, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, а во одредени поединечни случаи, крајно неправедно, ако како последица од таквото погрешно и неправилно применување на законските одредби, доаѓа до

неможност доверителите да го остварат своето право утврдено во извршната исправа.

За илустрација ќе изнесам само неколку случаи од судската пракса, од кои се гледа погрешната и неправилна примена на одредбите од Законот за извршување од формално-правна и материјално-правна природа.

**2.1.** Од формално-правна природа е еден случај кога претседателот на основниот суд го одбил приговорот на должникот поднесен против налогот за извршување издаден од извршителот, а апелациониот суд одлучувајќи по жалбата на должникот, со решение жалбата ја усвоил, решението на претседателот на основниот суд го укинал, па истото решение го преиначил, па приговорот на должникот го усвоил, па налогот за извршување го укинал и извршувањето дозволено со налогот за извршување го запрел.

Во овој случај, јасно се гледа дека ваквото решение на апелациониот суд не е во согласност со законските решенија од понапред наведените одредби од Законот за извршување. Согласно овие одредби, апелациониот суд бил овластен и можел жалбата на должникот да ја усвои, обжаленото решение да го преиначи, да го усвои приговорот, да утврди неправилности во извршувањето и да ги стави вон сила преземените извршни дејствија.

Во друг случај, претседателот на основниот со решение го усвоил предлогот на должникот, утврдил неправилности при извршувањето и ги ставил вон сила преземените извршни дејствија. Против решението на претседателот на основниот суд, жалби вложиле доверителот и извршителот. Апелациониот суд со решение жалбите ги усвоил, го преиначил решението на претседателот на основниот суд, утврдил дека извршителот не сторил неправилности при извршувањето.

Во овој случај, апелациониот суд неправилно ги применил одредбите од Законот за извршување, кога одлучувал по жалбата на извршителот која била недозволена, бидејќи жалба можат да поднесат само странките и учесниците, а не и извршителот.

Во трет случај, пак, претседателот на основниот суд со решение го одбил приговорот на должникот, а апелациониот суд одлучувајќи по жалбата на должникот, жалбата ја усвоил, решението на претседателот на основниот суд го укинал и предметот го вратил на повторно судење на првостепениот суд. И

во овој случај, неправилно биле применети одредбите од Законот за извршување, бидејќи тие ја исклучуваат можноста второстепениот суд да го укинува решението на претседателот на основниот суд и предметот го враќа на повторно судење.

**2.2.** Од материјално-правна природа за неправилна примена на одредбите од Законот за извршување, од страна на апелациониот суд, пред се заради тешките последици од одлучувањето на апелациониот суд, кои се манифестирале со неможност доверителите да ги остварат своите побарувања утврдени во извршната исправа, ќе го изнесам следниот случај: Тројца доверители физички лица, секој посебно поднеле барање до ист извршител за извршување на судски извршни исправи кои гласеле на парично побарување спрема должникот кој бил правно лице. Извршителот издал три (3) посебни налози за извршување спрема должникот врз основа на членовите 154 и 196 од Законот за извршување.

Заради целосно и полесно согледување на суштината на спорот, ќе ги цитирам наведените законски одредби.

Одредбата од членот 154 одредува дека извршувањето врз недвижности се спроведува со прибелешка на налог за извршување врз недвижности во јавна книга, со утврдување на вредноста на недвижноста, со продажба на недвижноста и со намирување на доверителите од износот добиен со продажбата.

Одредбата од членот 196 има пет става кои одредуваат: (1) На подрачјето за кое не установен катастар според Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите согласно ќе се применуваат правните правила за тапиите и интабулациите, што важат на тоа подрачје.
(2) Ако не е можно од која и да е причина, извршителот да прибави доказ за сопственоста, согласно со правните правила кои важат на тоа подрачје, наместо доказ за сопственоста, извршителот врши попис на недвижноста за која е определено извршувањето, а на пописот ќе го повика доверителот, должникот и неговиот брачен другар и лицата со чии недвижности се граничи таа недвижност. (3) Записникот за пописот има значење на прибелешка на извршување. (4) Одредбите на овој член се применуваат и ако недвижноста не е запишана во јавна книга. (5) Одредбите на овој член се применуваат и кога

недвижноста во катастарот што не е устроен според Законот за премер, кастар и запишување на правата на недвижностите, не се води на името на должникот, ако тапискиот сопственик, односно неговите наследници со изјава заверена од надлежниот орган, потврди дека должникот е сопственик на недвижноста која е предмет на извршување.

Во налогот за извршување издаден од извршител, покрај другото било наведено дека налогот е издаден согласно членот 196 од Законот за извршување, затоа што должникот бил сопственик на недвижниот имот кој не бил изложен и поради тоа правото на сопственост на должникот не било запишано во јавните книги-катастарот. Констатирано било и дека недвижниот имот се состоел од: градежни објекти изградени на КП.бр.13023/1 на место викано “Б“, според поседовен лист бр.15399 за КО Са Под објект во површина од 45,45 м2, сопственост на должникот согласно одобрението за градење бр.13-21473 од 2.10.1972 година, урбанистичка согласност бр.19-11157 од 18.05.1971 година, локација бр.2630/69 од 18.03.1971 година и решение за употреба на изградениот градежен објект: два магацина, управна зграда и портирница бр.13-19783 од 16.09.1984 година издадена од Собранието на општина на град С.

Против налогот за извршување, должникот поднел приговор до претседателот на основниот суд, кој со решение го одбил. Против решението жалба поднел должникот. Апелациониот суд во сите три предмети во кои одлучувал во два различни совети, жалбата на должникот ја усвоил, решението на претседателот на основниот суд го преиначил, приговорот на должникот го усвоил, утврдил сторени неправилности со издавање на налогот за извршување и ги ставил вон сила преземените извршни дејствија. Причините за ваквите решенија на апелациониот суд, се сведуваат на заедничко идентично образложение дека должникот не бил сопственик на предметните недвижности во смисол на одредбите од Законот за сопственост и други стварни права и одредбите од Законот за премер и катастар, според кој сопственоста се стекнувала со нејзино запишување во јавна книга и издавање на имотен лист на сопственикот, што не било случај со недвижниот имот на должникот предмет на извршувањето.

Неправилната примена на одредбата од членот 196 од Законот за извршување, од страна на апелациониот суд е повеќе од очигледна, од

едноставна причина што се работи за одредба содржана во специјален закон како што е Законот за извршување, наспроти Законот за сопственост и други стварни права како општ закон и Законот за катастар и премер на недвижностите како посебен закон во кој се запишуваат правата на недвижностите и се уредуваат други односи во врска со нив. Суштината и целта на одредбата од членот 196 од Законот за извршување, како што се гледа од нејзината содржина е да се дозволи и спроведе извршување на недвижен имот на должникот во ситуација кога тој е сопственик на имотот, а од најразлични причини (најчесто субјективни), неговото право не е запишано во јавните книги и не поседува имотен лист.

Во овој случај, неправилната и погрешната примена на наведената одредба од ЗИ, претставува тешко повредување на правата на доверителите.

Кога сме на теренот на примената на одредбата од членот 196 од Законот за извршување, треба да се истакне дека барањата на извршителите поднесени до претседателот на основниот суд, согласно членот 75 став 1 од Законот за извршување, тој да им издаде писмена дозвола за превземање на извршни дејствија во стан – што подразбира и куќа на должникот, а во функција на извршување во смисла на одредбата од членот 196 од Законот за извршување, понекогаш (не често) се одбиваат. Одбивањето е во форма на писмен допис, не во форма на решение (Законот не определил да се одлучи со решение), против кој не е предвидена жалба како правен лек.

Со ваквото постапување, ако за тоа нема правно релевантна причина, се попречува, а понекогаш кога недвижноста е единствениот имот на должникот над кој може да се спроведе извршување, извршувањето е целосно оневозможено, што бездруго е на штета на доверителот да го намири своето легално и легитимно побарување од должникот.

**3.** Од оваа куса елаборација на неколку одлуки од судската пракса за улогата на судот во спроведувањето на Законот за извршување, произлегува заклучок дека судовите, а тоа значи судиите, е потребно повнимателно, со поголема ангажираност и посветеност да пристапуваат при одлучувањето по приговорите и жалбите изјавени од овластените субјекти, раководејќи се од концептот, суштината и целта на Законот за извршување, како реформски закон кој ги одразува општествено-економските, политички и правни односи во

државата, определени со Уставот на Република Македонија, во кој како темелни вредности (член 8) се утврдени: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот; владеењето на правото и правната заштита на сопственост.

За поефикасно спроведување на Законот за извршување, не помалку важно од претходно наведеното е судовите во Република Македонија да ја воедначат судската пракса, пред се на ниво на истиот суд, а исто така и на ниво на сите судови на подрачјето на целата држава. Тоа може да се постигне со објавувањето на одлуките на секој суд на неговата интернет страница и со почесто координирано комуницирање и размена на мислења помеѓу судиите за примена на исти одредби од Законот за извршување, на исти фактички и правни ситуации.

**Скопје, 18.04.2010 година**

**Владимир Бабунски-**
**судија на Врховниот суд**
**на Република Македонија**